Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПРВ 2024, до 15.9.2023 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Të nderuar përfaqësues të organizatave qytetare,

Ju falemnderojmë për interesin e shprehur për pjesëmarrje në Thirrjen deri te sektori civil për kontributin në përgatitjen e Programit të punës së Qeverisë së Repblikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2024. Formularin e plotësuar ( së bashku me bashkëngjitjet, nëse ka) dorëzoni te Njësia për bashkëpunim me organizatat joqeveritare e Sekretariatit të Përgjithshëm të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, në mënyrë elektronike në adresën nvosorabotka@gs.gov.mk **me shënim Iniciativa për PVQRMV 2024, deri më 15.9.2023.** Me dorëzimin e formularit vërtetoni se pajtoheni që iniciativa juaj të publikohet në faqen e internetit nvosorabotka@gs.gov.mk.

**Општи податоци за здружението / фондацијата**

Име на здружението/фондацијата: Национален младински совет на Македонија

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 6908446

Седиште и адреса (улица, број, општина): Вељко Влаховиќ 7/1-1

Застапник: Мариана Ангелова

Веб страница: www.nms.org.mk

Електронска пошта (e-mail): info@nms.org.mk

Телефонски број за контакт: 078 332 401

Лице за контакт: Мариана Ангелова

**Të dhëna të përgjithshme për shoqatën/ fondacionin**

Emri i shoqatës/ fondacionit:

NVAS (numri amë i subjektit juridik sipas të dhënave në Regjistrin Qendror):

Selia dhe adresa ( rruga, numri, komuna):

Proqesverbali:

Faqja e internetit:

Posta elektronike ( e-mail):

Numri i telefonit për kontakt:

Personi për kontakt:

**Предлог- иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година**

**Propozim-iniciativa**

**për Programin vjetor të punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut Për vitin 2024**

**Emri ( titulli) i iniciativës:**

**Наслов на иницијативата: Младински (структурен) дијалог**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

Приоритет 5: обезбедување на владеење на правото и независност на правосудството

**Prioriteti strategjik:** (kontributi- lidhur me prioritetin strategjik të caktuar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

Зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и создавање услови за негово активно вклучување во креирањето на политики за добро владеење.

**Qëllimi prioritar:** (kontributi- lidhur me qëllimin e caktuar prioritar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)
Согласно предвидените краткорочни приоритети во рамки на Кластер 1\1.1 Демократија кои се однесуваат на граѓанското општество од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија 2021-2025 се потенцира препознавањето на улогата на граѓанските организации како партнери во дефинирањето на политиките поврзани со европската интеграција. Дополнително се наведува дека Владата ќе воспостави структурен дијалог со граѓанското општество, и ќе обезбеди редовно консултирање и вклучување на граѓанските организации во сите фази на креирањето на политиките и подготовката на законите, вклучително и како членови на работни групи и ќе го поддржи граѓанското општество да креира модел за учество на граѓанските организации во идната преговарачка ЕУ структура на земјата.

**NPAA** (lidhje me partneritetet e pranuara si dhe identifikimi adekuat i kapitullit dhe rajonit)

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)
Младинскиот дијалог е воведен од Европската комисија со цел вклучување на младите во носење на одлуки на национално и Европско ниво и претставува одличен пример за соработка помеѓу младите и креаторите на

**Arsyetim:** (Përshkrim i shkurtër i iniciativës: arsyet e propozimit, lënda e rregullimit nëse bëhet fjalë pë akt ligjor ose nënligjor dhe organi kompetent i administratës shtetërore)

политики. Станува збор за 18 месечен процес, поделен во три различни фази предводени од различните претседавачи на претседателствата на Советот на Европската унија. Секој циклус има свој наслов во зависност од она што е актуелно за младите во дадениот период. Трите циклуси се поделени на три различни делови од процесот: првиот се фокусира на прибирање податоци за моменталната ситуација во врска со темата, вториот се фокусира на изработување на препораки, додека третиот има за цел креирање на имплементациска стратегија. Секој шест месечен циклус има своја конференција за млади каде што сите делегации од различните држави членки на Европската унија и другите европски земји се собираат на едно место и ги презентираат резултатите. Од таму, се сумираат идеите и фактите од сите држави и се креира еден заеднички документ со Европски препораки релевантен за сите различни држави, кој се усвојува од советот на министри за млади на различните држави членки со што се обврзуваат на национално имплементирање на истиот. Национално процесот е еднакво структуриран и е воден од Националниот младински совет во државата. Секоја држава има национална работна група каде членуваат претставници на владата задложени за младински политики и претставници на донаторската агенција која го поддржува проектот, предводен од националниот младински совет на државата. Официјалните делегати кои го предводат процесот се избрани и назначени од страна на националната работна група. Националната работна група го следи будно процесот постојано со редовни средби со цел придонесување постојано кон препораките и податоците кои се прибираат.

Националниот младински совет на Македонија активно го следи процесот и добива посебни покани за приклучување кон процесот и давање на свој придонес. Овој процес е еден од најпочитуваните во Европската унија и би ја сместило Македонија на исто рамниште со останатите земји членки, токму кога се работи за прашања кои ги засегаат младите. Оттаму, НМСМ покрај тоа што ја согледува потребата за учество во ваките процеси исто така се нуди да ја предводи и поддржи ваквата иницјатива и притоа да развие модел со кој сите засегнати страни ќе се согласат и ќе го поддржат.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

НМСМ верува дека оваа можност мора да се искористи по суштински со оглед на тоа дека сите засегнати страни имаат бенефит од истата, во смисла дека властите и младинските организации имаат можност заеднички да ги пренесат проблемите на младите од Македонија и заеднички да работат на решенијата. Младите ќе бидат вклучени во носење на одлуки кои ги засегаат, притоа имајќи шанса да ја претставуваат Република Македонија на конференциите, додека претставниците на власта имаат пристап до европските практики и носењето на одлуки за млади.

**Ndikimet e pritshme:** (Cilat janë ndikimet e pritshme nga propozim-iniciativa)

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Предлог иницијативата има финансиски импликации кои не се обезбедени, но за истите треба да се разгледаат можностите за финансирање на иницијативата од буџетот на Република Северна Македонија, Агенцијата за млади и спорт како и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

**Implikime financiare:** (A shkakton propozim-iniciativa implikime financiare? Nëse ka, a janë të siguruara mjetet e nevojshme dhe nga cilat burime?)

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

**Bashkëngjitje** (me shënimin e autorit të dokumentit):

Потпис на застапникот

14.09.2023 година ---------------------------
М.П.

Nënshkrimi i përfaqësuesit

------ 2023 ------------------------------
V.V